Овој леток е дел од серијата напишана од медицински сестри, лекари и експерти со искуство во негата за стари лица. Серијата има за цел да го олесни вашиот пат до сместување во дом за нега на стари лица. Побарајте други летоци со прашања што треба да ги поставите за специфични потреби за нега. Овие може да се преземат на: **www.10questions.org.au**

Овие летоци може да ви бидат корисни:

- Во потрага по висококвалитетна установа за нега на стари лица
- При разгледување на квалитетот на вашата сегашна установа за нега на стари лица
- При донесување на одлука помеѓу две установи за нега на стари лица кои изгледаат слично.

Важно е да има доволно регистрирани медицински сестри во комбинацијата на вештини на персоналот за да ги задоволат потребите на сите. Треба да поставувате прашања за тоа како ќе се задоволат вашите индивидуални потреби за нега.

Многу вработени носат слични униформи. Само затоа што некој изгледа како медицинска сестра не значи дека е. Еве ги разликите:

**Регистрирана медицинска сестра (registered nurse - RN)** има завршено минимум три години високо образование за диплома за медицински сестри. Тие можат да пружат нега, да ракуваат со лекови против болки и да помогнат да се спречат непотребните приеми во болница.

**Заведена медицинска сестра (enrolled nurse - EN)** работи под раководство на регистрирана медицинска сестра (RN). И двете се регистрирани од регулаторно тело. Регистрацијата обезбедува одржување на професионалните стандарди и ја штити јавноста.

**Асистентите за медицинска нега (Assistants in Nursing - AINs) / работниците за нега / вработените во Службата за нега (Care Service Employees - CSE)** работат под надзор и раководство на медицински сестри и обезбедуваат најголем дел од негата во установите за нега на стари лица и во заедницата. Нивното ниво на обука и улоги се разликуваат.

Февруари 2023

# ВАШЕ ПРАВО Е ДА ПРАШАТЕ

Ако ви треба застапување или стручен совет за било кое прашање што не е опфатено во овој леток:

**My Aged Care**
**1800 200 422 • myagedcare.gov.au**

**Служба за писмено и усно преведување и (TIS)**
**131 450**

**Служба за правата на постари лица (Seniors Rights Service)**
**1800 424 079 • seniorsrightsservice.org.au**

Овој леток е составен и одобрен од:

За целосна листа на организации за поддршка, посетете ја веб-страницата **www.10questions.org.au**

Ако нешто ве загрижува во врска со некоја установа за нега на стари лица, контактирајте:

1800 951 822

Australian Government
Aged Care Quality and Safety Commission

www.agedcarequality.gov.au

# 10 Прашања да поставите

## ЗА
## НЕГА НА ДЕМЕНЦИЈА ВО УСТАНОВИ ЗА НЕГА НА СТАРИ ЛИЦА
## (DEMENTIA - MACEDONIAN)

**www.10questions.org.au**

***Некои домови за нега на стари лица нудат нега „Специфична за деменција“, но понудените услуги може да бидат различни. Повеќето се грижат за луѓе со деменција, затоа користете ги овие прашања за да изберете место кое е соодветно за вас. Подготвувањето книга со животна приказна однапред може да му помогне на персоналот да ја персонализира вашата нега.***

## 1 Како ќе обезбедите слободно движење низ местото?

Слободата на движење никогаш не смее да се ограничи поради тоа што нема доволно персонал кој ќе им овозможи на луѓето да се движат наоколу и да направат безбеден избор за тоа како и каде го поминуваат своето време. Областите прикажани при вашата прва посета не се секогаш местата каде што ќе се дава нега на луѓето, па затоа е важно да проверите каде луѓето поминуваат поголем дел од своето време во текот на денот.

## 2 Како се поддржуваат луѓето да учествуваат во активности во кои уживаат?

Треба да се организираат индивидуални и групни активности во затворени простории и на отворено, во кои луѓето со различни способности можат безбедно да уживаат. Тие треба да вклучат мешавина од физичка активност, ментална и сензорна стимулација и да одговараат на интересот на луѓето. Проверете дали е вработен дополнителен персонал за да им помогне на луѓето да учествуваат и колку често.

## 3 Како персоналот знае за индивидуалните потреби на луѓето?

Секој, вклучувајќи ги и членовите на семејството треба да бидат вклучени во планирањето на негата. Индивидуалните рутини на луѓето, работите кои ги претпочитаат и нивните потреби за лична нега треба да се запишат и да се договори план за нега и да се достави до сите оние што се вклучени. Од помош може да бидат неколку запишани потсетници за персоналот што ќе им помогнат да ги запознаат луѓето, па проверете дали тие се користат.

## 4 Што имате направено за да го направите местото добро за деменција?

Познато, мирно опкружување со јасни знаци и потсетници може да им помогне на луѓето да се чувствуваат безбедно и свесни за нивната околина. Проверете дали местото има домашна атмосфера и дали можете да ставите мебел и лични работи од дома во спалните соби. Јасни ознаки и со зборови и со слики, можат да им помогнат на луѓето да го најдат патот наоколу. Силна бучава, преполни простори, лошо осветлување, збунувачки шари на теписи и ѕидови може да бидат стресни, па прошетајте наоколу и проверете ја установата.

## 5 Кој е соодносот на персоналот за секоја смена?

Набљудувајте дали има доволно персонал наоколу за да ги надгледува луѓето и да им помогне да јадат, да се дружат и да се движат наоколу. Квечерината може да биде збунувачка кога не е јасно дали е ден или ноќ, така што поголема помош може да биде корисна во одредени периоди. Прашајте дали соодносот меѓу персоналот и станарите е намален во некој дел од денот, преку ноќ или за време на викендот. Проверете да нема простории без надзор долго време.

## 6 Дали персоналот е обучен за нега на деменција?

Персоналот може брзо да се менува, затоа осигурете се дека на персоналот му се нуди специфична обука за деменција кога прв пат ќе се вработи и дека тие редовно се надградуваат. Персоналот треба да знае како да добие помош за справување со потребите на луѓето, затоа прашајте какви врски постојат со локалните специјалисти за ментално здравје/нега на стари лица и тимот за одговор на однесувањето.

## 7 Како им помагате на луѓето да се справат со нивната континенција?

Проблеми со континенција може да се појават ако луѓето не можат да го најдат клозетот, да се соблечат или правилно да користат клозет. Проверете дали има многу клозети во близина на просториите за дневен престој со јасни ознаки и дали се опремени со ракофати. Погледнете дали има доволно персонал наоколу за да им помогне на луѓето да одат во тоалет. Домот е законски обврзан да обезбеди опрема за континенција која одговара на потребите на луѓето и не смее да ги ограничува набавките.

## 8 Каква медицинска поддршка е достапна?

Континуитетот на негата е добар особено за луѓето кои не можат вербално да ги изразат своите симптоми. Вообичаениот општ лекар на едно лице често ја знае нивната медицинска историја, па проверете дали лекарот го посетува местото. Ако не, побарајте од него/нea да го препрати медицинското досие до новиот општ лекар. Прашајте дали лекарите со медицинска специјализација за нега на деменција го посетуваат местото. Исто така, проверете дали треба да платите дополнително за транспорт и персонал за придружба при посетите кај специјалист за деменција.

## 9 Како се поддржуваат луѓето да можат да донесуваат одлуки што е можно подолго?

Дијагнозата на деменција не го намалува правото на лицето да донесува одлуки за негата и начинот на живот, а персоналот мора да ја обезбеди потребната поддршка за да им овозможи на луѓето да го направат тоа. Понекогаш е потребен заменик за донесување одлуки (substitute decision maker)* како последна опција. Дури и тогаш, мора да се земат предвид желбите и благосостојбата на личноста. Затоа, прашајте како персоналот ќе обезбеди овие права да бидат почитувани.

## 10 Колку често ги прегледувате лековите на луѓето?

Лековите имаат несакани ефекти и затоа е најдобро да се ограничи количина што се зема и редовно да се разгледуваат оние што се потребни. Лековите никогаш не смеат да не се даваат затоа што нема доволно персонал за да ги задоволи потребите на луѓето. Проверете колку често општ лекар посетува за да ги прегледа лековите.

*Може да биде назначен од лице кога тој/таа има способност. Службата за правата на постари лица (Seniors Rights Service) може да понуди бесплатен совет доколку не сте сигурни што да правите. Погледнете го задниот дел од летокот за детали за контакт.